# Правила на НАГРАДНАТА ИГРА

# „Долчела – среќен час!“

Правила на НАГРАДНАТА ИГРА: **„Долчела – среќен час!“**(во натамошниот текст: „Правила“)

**Член 1 - Компанија и седиште на организаторот**

Организатор на наградната игра е **Друштво за трговија и услуги Подравка ДООЕЛ Петровец**, со седиште на адреса: ул. 9, бр.4 во Мултифункционална индустриска зона Ќојлија во Петровец, со ЕМБС 4276663 и ЕДБ 4030992253046 (во натамошниот текст: Организатор).

**Член 2 - Име на наградната игра, време и место на одржување**

Името на наградната игра е **„ Долчела – среќен час!“ “.** Наградната игра ќе трае од **18.05.2024** година до **18.06.2024** на територијата на Република Северна Македонија.

**Член 3 - Цел на наградната игра**

Целта на наградната игра е да се зајакне врската со потрошувачите **во продажните места на трговскиот ланец Веропулос** и да се рекламираат производите од брендот Долчела на Организаторот. Наградната игра се организира и спроведува со цел:

1. Промоција на Организаторот и неговите активности, производи и понуди преку низа промотивни и маркетинг содржини и активности;

2. Промоција и маркетинг на производите Долчела на Организаторот под брендот Подравка.

**Член 4 - Услови за учество во наградната игра**

Во наградната игра, според Член 2, право на учество имаат сите граѓани над 18 години кои живеат во Република Северна Македонија.

За учество во наградната игра потребно е во наведениот период за одржување на наградната игра да се купат 3 (три) производи: Мешавини за подготовска на колачи и бел фондан од Долчела во продажните места на трговскиот ланец Веропулос во Република Северна Македонија.

Во наградната игра учествуваат следниве производи од брендот Долчела на Подравка:

***Лава Мафини 350g, Бел фондан 450g, Чоколадни мафини 350g, Обични мафини 350g.***

Пријавувањето е со приложување на фискална сметка на промотивниот штанд на Долчела во продажните места на трговскиот ланец Веропулос, со која се докажува дека се купени 3 (три) од наведените производи од брендот Долчела на Подравка. По овој принцип ќе бидат наградени вкупно 100 учесници со ваучери за салон за убавина Силуете.

Право на учество во наградната игра имаат сите граѓани со живеалиште во Република Северна Македонија, освен вработените во Подравка ДООЕЛ и членови на нивното потесно семејство. Лица под 18 години не може да учествуваат во наградната игра.

Секој учесник може да учествува во наградната игра со повеќе приложени жиро сметки. Ваучерите од салонот на убавина Силуете од Скопје се ограничени. Доколку, по доставувањето на фискалната сметка како доказ за купени три Долчела производи, се утврди дека доставените податоци од фискалната сметка се нецелосни и / или неточни или не соодветствуваат со условот за учество во наградната игра, таквата пријава ќе се смета за неважечка.

## Член 5 - Погрешни и неправилни пријави

Организаторот го задржува правото да дисквалификува учесник во кој било кој момент за времетраење на наградната игра, особено во следниве случаи: Ако учесникот ги прекрши правилата или достави фискална сметка на која нема три купени Долчела производи од наведените. Доколку пријавата содржи незаконска, опасна, злонамерна, расистичка, клеветничка, непристојна, порнографска, вулгарна или ксенофобична содржина. Пријавата не смее да прикажува или повикува на криминално или незаконско однесување. Од која било друга причина за која Организаторот смета дека негативно влијае на правичноста на наградната игра.

## Член 6 – Награден фонд

Наградниот фонд вклучува:

1. **100 главни награди – ваучери за во салон за убавина „Силуете“ со вкупна вредност од 177.000, 00 денари.**

Односно вкупната вредност на наградниот фонд изнесува 177,000,00 денари со вклучен ДДВ.

- *Прилог 1 – Фактура од салонот за убавина ТП Силуети Скопје*

**Организаторот го плаќа персоналниот данок.*

## Член 7 - Утврдување на имињата на добитниците на награди и контрола на наградувањето

Утврдувањето на добитниците и контрола на доделувањето на ваучерите ќе врши комисија од Подравка (Наташа Димовска – маркетинг директор, Весна Дојчиновска – трејд маркетинг менаџер), како и претставник од трговскиот ланец Веропулос во сите маркети низ републиката, односно:

Веро 2 – сабота, 18.05.2024

Веро 9 – недела 19.05.2024

Веро 4 – сабота 25.05.2024

Веро 7 – недела 26.05.2024

Веро 1 – сабота 01.06.2024

Веро 3 – недела 02.06.2024

Веро 5 – сабота 08.06.2024

Веро 6 - недела 09.06.2024

Веро 8 – сабота 15.06.2024

Веро 10 – недела 16.06.2024

Утврдувањето на добитниците ќе се врши на лице место, откако ќе биде прегледана фискалната сметка на промо пултот на Долчела, поставен во продажните места на трговскиот ланец Веропулос, а со која се докажува дека се купени три производи од наведените од брендот Долчела во временскиот период предвиден за наградната игра. Ќе биде направен и записник кој ќе ги содржи имињата и презимињата, како и адресите на добитниците на награди.

Задолжително ќе се провери дали се исполнети барањата/условите од Член 4. на овој Правилник.

### Член 8 - Објавување на резултатите од Наградната игра

Правилата за учество како и листа на добитници од наградната игра ќе бидат објавени на www.dolcela.mk најдоцна 3 дена од денот на утврдувањето на наградените од наградната игра. Објавената листа на добитници ќе содржи: име и презиме и место на живеење.

### Член 9 - Идентификација на добитникот на награда

Добитникот го остварува правото на наградата откако Организаторот ќе изврши увид во фискалната сметка со која се докажува дека се купени **3 од наведените производи од брендот Долчела на Подравка**, а во спротивно тој го губи правото на наградата. Сите добитници треба да го потврдат својот идентитет со свој валиден документ - лична карта.

### Член 10 - Начин и рок за подигање на наградите

Добитниците ќе ги подигнат наградите лично, на лице место, откако ќе приложат документ за лична идентификација и фискална сметка со која се докажува дека се купени **3 од наведените производи од брендот Долчела на Подравка.** Ваучерот за убавина може да се искористи во салоните за убавина на Силуете до 30.07.2024 година.

Добитникот нема можност да добие парични награди или награди за замена. Наградата е непренослива.

## Член 11 - Начин на запознавање на учесниците со Правилата на Наградната игра

Начинот на учество во Наградната игра се објавува по добивање согласност од Министерство за финансии на Р. Северна Македонија на веб - страницата www.dolcela.mk. Со учеството во оваа наградна игра, учесниците ги прифаќаат и се обврзуваат да ги почитуваат правата и обврските пропишани во овие Правила. Сите учесници во Наградната игра се запознаени со „Политиката за приватност“ наведена на веб-страницата www.dolcela.mk, како и со „Условите за користење“ на истата веб-страница.

## Член 12 - Право на објавување и сопственишто на медиумските содржини

Со претходна писмена согласност дека учесниците се согласни, доколку станат добитници на некоја од наградите, нивното име, презиме, адреса, фотографија и снимен материјал, Организаторот да може да ги користи во промотивни активности преку сите медиуми, без надокнада. Исто така, Организаторот ги задржува сите права на објавување и сопственишто на медиумските содржини, кои произлегуваат од врачувањето на наградите на добитниците. Добитникот е обврзан во целост да соработува со Организаторот, а во врска со креирањето и објавувањето на содржините произлезени од наградната игра и во врска со наградната игра.

## Член 13 - Право на приговор и решавање на спор

Незадоволните учесници имаат право да поднесат приговор за текот на Наградната игра до Организаторот во рок од 3 дена , а Организаторот ќе одговори на приговорот во рок од 3 дена од денот на приемот на приговорот.

Во случај на спор помеѓу Оргнизаторот и учесникот во наградната игра „**Долчела - среќен час!“** надлежен е Основниот суд во Скопје.

## Член 14 - Можност за прекин на наградната игра.

Наградната игра може да се прекине единствено во случај на виша сила, а по добивање согласност од Министерство за финансии на Р. Северна Македонија согласно член 8 од Законот за игрите на среќа и забавните игри.

## Член 15 - Валидност на правилата на наградната игра

Овие правила ќе бидат јавно објавени на веб-страницата на Организаторот- www.dolcela.mk по добивање на согласност од Министерството за финансии на Р. Северна Македонија, пред почетокот на наградната игра.